*АДВОКАТСКА КОМОРА НА*
*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**NORTH MACEDONIA BAR ASSOCIATION**
*Скопје, 15.03.2020 година*

АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр 03 – 281
15.03.2020 год.
СКОПЈЕ

**До**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Г-дин ОЛИВЕР СПАСОВСКИ, Претседател**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Д-р РЕНАТА ДЕСКОСКА, Министер**

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**М-р ФАИК АРСЛАНИ, в.д. Претседател**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Д-р ВЕНКО ФИЛИПЧЕ, Министер**

**ПРЕДМЕТ:** ***Барање за воведување на мерки за претпазливост и заштита од корона вирусот во правосудниот систем***

**Почитувани,**

Адвокатската комора на Република Северна Македонија будно ги следи и ги информира своите членови за мерките на Владата, а во врска со состојбата со корона вирусот во РСМ.

Во склад со досега изречените мерки за заштита и претпазливост, Ве известуваме дека Адвокатската комора на РСМ брои околу 5.000 членови – адвокати, адвокатски стручни соработници и адвокатски приправници. Истите, секојдневно вршејќи ги своите работни ангажмани, се движат со голема динамика, и тоа во:

- Судовите во РСМ – на огромен број граѓански и кривични предмети
- Јавни обвинителства – во текот на предистражна и истражна постапка
- Казнено поправни установи – каде посетуваат притворени лица
- Многубројни државни институции
- Јавно правобранителство
- Центри за социјална работа
- Нотари и извршители
- МВР – полициски станици, управни служби, разни сектори и одделенија
- Правни лица – фирми, трговски друштва и др.

Во текот на **дневното работење**, пред судовите се закажани огромен број на рочишта по разни предмети, посебно во граѓанските судови, што изнесува околу 1000 судења на ден. Конкретно, според податоците објавени само на веб страната на Основниот граѓански суд Скопје, за ден 16.03.2020 година за период од 08.30 до 10.30 часот се закажани 100 рочишта. Тоа значи дека само за наведениот период од 2 часа во Основниот Граѓански суд Скопје циркулираат најмалку 500 лица (адвокати, судии, записничари, странки, сведоци и други). Имајќи го предвид наведеното, очигледно е дека во текот на денот на територијата на државата се одржуваат илјадници судења, на коишто присуствуваат повеќе илјади лица кои се во меѓусебен контакт.

Ситуацијата е безмалку иста и во кривичните судови, од причина што и таму има предмети со повеќе обвинети, повеќе бранители и повеќе сведоци. Вообичаено, според карактерот на судењата, истите траат подолго.

Посебен проблем претставуваат контактите со притворените лица, особено при доведување на притворените лица и нивен контакт со другите учесници во кривичните постапки. Ваквата ситуација доведува до голема опасност да корона вирусот се рашири и во казнено поправните установи, кое нешто сметаме дека би претставувало голема опасност, дотолку повеќе што лицата кои издржуваат казна затвор во КПУ немаат соодветен лекарски третман за ваков вид на болести.

Исто така, истакнуваме дека адвокатите во РСМ за обавување на својата дејност се движат надвор од градовите каде што живеат, и притоа стапуваат во контакт со голем број на луѓе државјани на РСМ или странци.

Сметаме дека за активностите во другите наведени институции, не е потребно посебно да нагласуваме за содржината и динамиката на работата, бидејќи истите се општо познати.

Поради сето горе изнесено, Адвокатската комора на РСМ бара од Вас да донесете мерки со кои ќе се одложат сите судски рочишта, освен итните постапки (предметите со времени мерки и притворските предмети).

Со почит,

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Љубомир Михајловски, адвокат**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

e-mail. lawyermk@mba.org.mk www.mba.org.mk tel. ++ 389 2 3212 452
ул. Даме Груев бр.3, 1000 Скопје, Р.С. Македонија; St. Dame Gruev No.3, 1000 Skopje, R.S. Macedonia